РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РЕСЕН
БР 10-1395/2
13.06.2025 ГОД
РЕСЕН

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), член 88 од Закон за Општа Управна Постапка („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 124/2015, 65/2018) и член 50 став 1 точка 11 од Закон за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/2002), постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер од подносителот Здружение на граѓани Центар за граѓански комуникации, преку претставник и, Бул. Кочо Рацин 26-1/2 Скопје, со број 10-1395/1 од 29.05.2025 година, **Градоначалникот на Општина Ресен** го донесе следното:

## Р Е Ш Е Н И Е

**Барањето за пристап до информации од јавен карактер** од подносителот Здружение на граѓани Центар за граѓански комуникации, преку претставник ı, Бул. Кочо Рацин 26-1/2 Скопје заверено под број 10-1395/1 од 29.05.2025 година поднесено до имателот на информацијата Општина Ресен **СЕ УВАЖУВА**.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот на информацијата Здружение на граѓани Центар за граѓански комуникации, преку претставник ı, по пошта до Општина Ресен поднесе барање информации од јавен карактер на ден 29.05.2025 година заверено под број 10-1395/1 со кое побара преку електронска пошта да му биде доставен електронски запис од следната информација: дали општината има примено жолти и сини канти и контејнери од 120 и од 1100 литри од МЖСПП за селекција на отпад и селектирање; ако да неведнете број на добиени канти и контејнери; дали општината има склучено договор со колективен постапувач за управување на отпад; доколку да доставете информациите кога е склучен секој договор; дали во општинатат постои функционално селектирање и управување со посебните текови на отпад.

Постапувајќи по барањето на барателот и по извршената проверка на побараните информации, Општина Ресен Ве информира дека по основ на добиениот податок од Сектор за животна средина: Да нашата општина има примено жолти и сини контејнери од 120 и 1100 литри и истите се предадени на ЈКП Пролетер како надлежен орган; По број добиени се сини канти од 120 литри -24 парчиња, жолти канти од 120 литри -24 парчиња, син контејнер од 1100 -9 парчиња, жолт контејнер од 1100 литри -10 парчиња; Да нашата општина има склучен договор со колективен постапувач за управување со отпад од пакување; Договорот е склучен со Еуро Екопак ДОО – Скопје на ден 13.06.2024 година со број 09-1175/1 со трајност од намалку 1 (една) година со можност за продолжување; Не во Општина Ресен нема систем за функционално селектирање и управување со посебни текови на отпад.

Врз основа на горенаведеното, а во согласност со член 20 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), Општина Ресен се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

**Градоначалник на Општина Ресен**
**Јован Тозиевски**